РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Приватна високообразовна установа
УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ
Бр. 09 - 335 / 3
23.04.2024
СКОПЈЕ

Врз основа на член 93 и 94 од Законот за високо образование ("Сл. Весник на РМ"бр.82/2018, Сл. весник на РСМ бр. 178/21 и Сл. весник на РСМ бр. 58/24) и член 23 од Статутот на Универзитет Американ Колеџ Скопје, Универзитетскиот Сенат на својата 4-та седница одржана на 23.4.2024 година го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК
## за единствени правила за студирање на прв циклус студии
## на Универзитет Американ Колеџ Скопје - Скопје

1. Мисија ....1
I. ОПШТИ ОДРЕДБИ ....2
1. Предмет на уредување и примена на правилникот ....2
1.1 Предмет на уредување ....2
1.2 Примена на Правилникот ....2
II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ....2
2. Траење на студиите и студиските програми ....2
2.1 Траење на студиите ....2
2.2 Студиски програми ....3
3. Студент ....3
3.1. Статус студент ....3
3.2. Мирување на студии ....3
3.3. Прекин на студии ....5
3.4. Права на студентот ....5
3.5. Обврски на студентот ....7
3. 6. Редовни студенти ....7
3.6.1. Настава за редовни студенти ....7
3.6.2. Рокови за полагање испити на редовни студенти ....8
3.6.3. Структура на оценување на редовните студенти ....8
3.6.4. Поправна сесија ....8
3.6.5. Повторна регистрација на предмет ....9
3.6.6. Преполагање на испит за повисока оценка ....9
3.6.7. Приговор во врска со оценка од проверката на знаењето ....10
3.7. Настава за вонредни студенти, органзирање на испити и структура на оценки ....10
4. Оценување ....11
4.1. Начин на оценување ....11
5. Посебен режим ....13
6. Стекнување на диплома ....13
7. Задолжителна практика ....13
8. Приговори ....14
8.1. Приговор од (вербален) неформален карактер ....14
8.2. Приговор од формален карактер ....14
9. Дисциплински мерки ....14
10. Обврски на Универзитетот ....15
III ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ ....16

**Мисија**

УАКС се стреми да обезбеди квалитет во високото образование со комбинирање на најдобрите европски и американски образовни стандарди.

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### 1. Предмет на уредување и примена на правилникот

### 1.1 Предмет на уредување

**Член 1**

Со Правилникот за единствени правила за студирање на прв циклус студии на Универзитет Американ Колеџ Скопје (во натамошниот текст: Правилник) се уредуваат: траење на студиите, начин на студирање, статус на студентите, права и обврски на студентите, начин на полагање на испити, структура на оценување, посебен режим на студирање и услови за стекнување на диплома.

### 1.2 Примена на Правилникот

**Член 2**

Одредбите од овој Правилник се применуваат на сите единици на Универзитет Американ Колеџ Скопје (во натамошниот текст: Универзитет).

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### 2. Траење на студиите и студиските програми

### 2.1 Траење на студиите

**Член 3**

На Универзитетот се организираат академски (универзитетски) и стручни студии од прв циклус студии.

Првиот циклус на академски (универзитетски) студии трае три или четири години и со нивно завршување се стекнуваат најмалку 180, односно најмалку 240 ЕКТС кредити. Одредени студиски програми можат да се реализираат интегрирано низ првиот и вториот циклус студии.

Стручните студии од прв циклус траат три години и со нивно завршување се стекнуваат најмалку180 ЕКТС кредити.

Во рамките на првиот циклус на стручни студии можат да се реализираат и кратки стручни студиски програми со 60 до 120 ЕКТС кредити.

## 2.2 Студиски програми

**Член 4**

Студиските програми содржат задолжителни и изборни наставни предмети. Соодносот на наставните предмети е определен согласно Законот за високо образование.
Студиските програми во делот на задолжителните и изборните предмети можат да содржат и "прозорци на мобилност", односно наставни предмети кои можат се изведуваат и на англиски јазик.
Студиските програми можат да имаат и други компоненти определени со елаборатот и решението за нивна акредитација.
Наставата на студиските програми се одвива на македонски јазик, а на поединечни студиски програми или на дел од студиска програма, наставата се одвива на англиски јазик ("прозорци на мобилност" или на јазикот на националностите.
Секоја година на студиската програма сдодржи 60 кредити.

## 3. Студент

### 3.1. Статус студент

**Член 5**

Студентот се стекнува со статус студент со запишување на прв циклус студии.
Статусот студент се докажува со студентска идентификациска картичка (студентска легитимација).
Студентот има право на редовно студирање, со статус на редовен студент и право на вонредно студирање, со статус на вонреден студент, со исклучок на Факултет за архитектура и дизајн и на Меѓународна висока школа за архитектура и дизајн, кои не нудат можност за вонредно студирање.

**Член 6**

На студентот му престанува статусот студент доколку:

- дипломира
- се испише од факултет/висока школа
- студиите ги стави во мирување подолго од две (2) години
- има прекин во студирањето повеќе од еден семестар или
- е исклучен од факултетот/високата школа.

### 3.2. Мирување на студии

**Член 7**

На студентот може да му мирува статусот студент кога за тоа постојат оправдани причини и тоа:

- породилно отсуство
- подолготрајна болест
- економско- социјални проблеми во семејството
- учество на врвни научни, културни и спортски манифестации и
- кога студентот во рок од 12 месеци не посетувал настава и не полагал испити и уредно не поднел барање за ставање на студиите во мирување.

Одлука за статусот мирување ја носи деканот / директорот на единицата на УАКС најдоцна до 30.06 од тековната година.

Студентот треба да достави писмено барање за ставање на студиите во мирување до референтот за прв циклус студии на соодветната единица на универзитетот (во натамошниот текст: референт). Референтот го заведува барањето на денот на прием во архивата на универзитетот и доставува копии од барањето до службата за финансии, деканот, односно директорот на соодветната единица на универзитетот и една копија во досието на студентот. Доколку од барањето се утврди дека студентот исполнува некој од условите од став 1 на овој член, референтот подготвува одлука за ставање на студиите во мирување на студентот и ја доставува на потпис до деканот, односно директорот на соодветната единица на универзитетот. Копија од одлуката се доставува до службата за финансии и во досието на студентот.
Мирувањето на студиите може да трае до две (2) години од денот на започнување на периодот на мирување.
Референтот е должен во рок од 60 календарски дена пред истекот на периодот на мирување да прати известување до студентот за повторно активирање на неговиот статус студент. Доколку студентот не се јави во службата за студентски прашања во тој период, тој го губи статусот студент.
Референтот подготвува одлука за престанок на статусот студент и ја доставува на потпис до деканот, односно директорот на соодветната единица на универзитетот. Копија од одлуката се доставува до службата за финансии и во досието на студентот. Студентот се известува за престанок на неговиот статус студент по писмен пат.
Студентот кој ги ставил студиите во мирување, должен е да ги измири сите финансиски обврски за тековниот семестар во кој е запишан и за предметите кои ги регистрирал.
Средствата кои биле уплатени, а неискористени како резултат на мирување на студиите, се пренесуваат во семестарот во кој студентот ќе продолжи со студирањето, освен доколку мирувањето трае повеќе од две (2) години, во кој случај средствата не се пренесуваат и не му се враќаат на студентот.
Студентите чиј статус е во мирување, не влегуваат во вкупниот број на активни студенти на ниво на Универзитетот.

**Член 8**

Студентот е должен да поднесе писмено барање за престанок на мирување на студиите до координаторот.
Доколку студентот ги продолжи студиите по нивното мирување, има право и обврска да ги заврши студиите:

1. според студиската програма на која се запишал доколку предметите кои му останале за полагање се нудат во периодот кога студентот ги продолжува своите студии; или
2. според друга тековна студиска програма доколку некои од предметите кои му останале за полагање не се нудат во периодот кога студентот ги продолжува своите студии, за што студентот потпишува изјава, а Универзитетот му издава транскрипт на положени испити и врши признавање на компатибилни предмети заради упис на нова студиска програма; или
3. според друга сродна програма доколку програмата на која бил запишан не постои; или
4. според програма на друг факултет доколку не постои сродна програма на која студирал.

Доколку се согласи со условите предвидени во став 2, студентот е должен да ги надомести сите трошоци за студирање кои претходно не ги платил, сите трошоци за завршување на студиите согласно актите на УАКС и да плати паричен надоместок за враќање на студиите во мирување утврден со тарифникот на УАКС.
На студентот што не е согласен со условите предвидени во став 1, му престанува статусот студент.

### 3.3. Прекин на студии

**Член 9**

Прекин на студии настапува кога студентот ќе поднесе писмено барање за прекин на студиите и ќе ги подмири сите финансиски обврски кон Универзитетот.
На студентот му се издава уверение или транскрип за положените испити.
Студентот кој го губи статусот на студент мора да ги подмири сите тековни финансиски обврски, како и да плати еднократен надоместок утврден со тарифникот на УАКС.
Средствата кои биле уплатени, а неискористени како резултат на прекин не му се враќаат на студентот.
Студентите кои имаат прекин на студии, не влегуваат во вкупниот број на активни студенти на ниво на Универзитет.

### 3.4. Права на студентот

**Член 10**

Студентот ги има правата предвидени во Законот за високо образование, како право на настава во согласност со пропишаните стандарди на Универзитетот, право на слободно искажување на мислења и ставови во текот на наставата и другите активности на единиците на Универзитетот, односно на Универзитетот, право да ги користи библиотеката и базите на податоци, просторот, опремата (учебните помагала), софтверот и друга научна и стручна инфраструктура на единиците на Универзитетот, односно на Универзитетот и други права.
Студентот има право да ги заврши студиите според студиската програма по која го започнал студирањето. Универзитетот има право да ја менува студиската програма, при

што задолжително треба за тоа да го извести студентот, кој има право да избере по која студиска програма ќе го продолжи студирањето.
Студентот има право да се консултира со референтите за прв циклус студии, академскиот координатор и академските советници на Универзитетот.
Студентот има право да членува и да учествува во работењето на одредени органи на Универзитетот.
Студентот има право на изјаснување за квалитетот на наставата и на наставниот кадар, односно надворешните и внатрешните соработници, преку спроведување на организиран процес на евалуација, кој го гарантира интегритетот на студентот.
Студентот има и други права предвидени со Законот за високо образование, статутот и другите општи и поединечни акти на Универзитетот.

**Член 11**

Студентот запишува семестри, односно предмети во секој семестар според кредит-трансфер систем. Пред започнување на семестарот, во рокот за регистрација на предмети, студентот има право да избере и регистрира предмети кои ќе ги слуша во тој семестар.
Во еден семестар, студентот има право да регистрира предмети кои носат најмногу 30 ЕКТС кредити.
По исклучок студент кој постигнал повисок просек (ГПА над 3.0) има право, во еден семестар, да регистрира повеќе од 30 ЕКТС кредити согласно актите на Универзитетот.
Исклучок од став 2 на овој член може да се направи во случај на студенти кои се трансфер од други високообразовни установи и за студенти кои регистрираат модерен светски јазик согласно тековната студиска програма.
Како услов за запишување (регистрирање) на одредени предмети, Универзитетот може да пропише обврска за успешно совладување (освојување кредити) на предусловни предмети. Условеноста на предметите се одредува со одлука на Наставно-научните совети, односно наставничките совети на одделните единици на универзитетот.
Во вкупниот број на кредити предвидени со студиската програма влегуваат кредитите освоени од практична настава и кредитите за светските јазици, а кои се определени со наставните програми и правилникот за реализирање на практична настава.

**Член 12**

Студентот може по сопствен избор да се откаже од предмет или да избере друг содветен предмет од листата на изборни предмети во соодветната студиска програма за конкретната студиска година, доколку студиската програма тоа го дозволува, а најдоцна во рок од една (1) недела од првиот ден на настава.
Доколку студентот сака да се откаже од следење на предметот во тековниот семестар после рокот определен во став 1 од овој член се смета дека не го положил испитот, при што остануваат финансиските обврски за регистрираниот предмет.

### 3.5. Обврски на студентот

**Член 13**

Студентот има обврска да:

- ги почитува одредбите од Законот за високото образование, статутот и другите правни акти на Универзитетот,
- се придржува и го почитува Етичкиот кодекс на однесување.
- се придржува кон решенијата и одлуките на органите на единиците на Универзитетот/Универзитетот,
- се однесува со должна почит кон другите студенти, академскиот и административниот кадар на Универзитетот,
- ги почитува авторските права на авторите на учебниците, монографиите и учебните помагала,
- не користи методи на измама за време на следење на наставата и при спроведување на испитите по предметите,
- го чува и да не го оштетува имотот на Универзитетот (простории, опрема, книги, други материјали),
- не навредува друга личност врз основа на пол, религија или националност.

## 3. 6. Редовни студенти

### 3.6.1. Настава за редовни студенти

**Член 14**

Наставата за студентите на прв циклус студии се одвива во најмалку 6 семестри, вклучувајќи и летни семестри, доколку такви се организирани.
Наставата се организира за група од најмалку пет (5) студенти. Ако од било кои причини не се оформи група од најмалку (5) студенти, наставата се врши на менторски начин. Менторската настава се организира во термини кои ги определува предметниот наставник.
Редовните студенти се должни редовно да ја посетуваат наставата.
Редовен студент кој има од 25%-50% изостаноци од вкупниот број на часови за соодветниот предмет има право да полага во редовниот термин за полагање на финален испит (втор колоквиум), но студентот нема право на бодови од присуство на предавања, вежби и од активност на час, кои се дел од структурата на конечната оценка.
Редовен студент кој има повеќе од 50% изостаноци од вкупниот број на часови за соодветниот предмет, нема право да полага во редовниот термин за полагање на финален испит (втор колоквиум), односно студентот ќе полага во  поправна испитна сесија, која ќе биде објавена од страна на универзитетот.
Во редовниот термин за полагање на финален испит (втор колоквиум) имаат право да полагаат само студенти кои полагале прв колоквиум.
Наставата за редовни студенти се одвива според академски календар при што вообичаено за предмет кој носи 6 ЕКТС се предвивидени најмалку 45 контакт часови настава, а за предмет кој носи 8 ЕКТС се предвиденуи најмалку 60 часови настава.
Во часовите од претхониот став не се вклучени вежби, лабораторски вежби, теренска настав и слично.

### 3.6.2. Рокови за полагање испити на редовни студенти

**Член 15**

Универзитетот објавува академски календар во кој се организира наставата и се утврдуваат испитните рокови за редовните студенти. Во текот на академската година, со одлука на Универзитетот, со одлука на Ректорот или од него овластен Проректор може да се определат и други испитни рокови во посебни случаи (вклучително, но без ограничување, во случаи на студентски патувања, оправдани отсуства (болест, породилно отсуство и сл.), посета на програми "Ерасмус" итн.).

### 3.6.3. Структура на оценување на редовните студенти

**Член 16**

Индикативната структурата на оценување на редовни студенти се одредува на следниот начин:

- 10% од оценката – Присуство на час
- 10% од оценката - Активност за време на час
- 30% од оценката - Тест на средина на семестарот (прв колоквиум)
- 20% од оценката – Есеи, истражувачки проекти, практични проекти, домашни задачи и практична работа
- 30% од оценката - Завршен испит (втор колоквиум)

Колоквиумите може да се организираат преку устен испит, секогаш кога предметниот професор ќе оцени дека е соодветно, додека истражувачките и практичните проекти и есеите, се презентираат усно.

Освоените поени од сите активности се земаат предвид во конципирање на финалната оценка без разлика дали формираат 60% проценти или помалку од вкупниот број испитни поени. Наставниците можат да го променат износот на факторите кои ја сочинуваат конечната оценка, освен процентите кои студентот може да ги освои преку активност и присуство на час кои кумулирани не можат да бидат пониски од 20%.

На Факултетот за архитектура и дизајн наставниците можат да ја променат структурата на оценување, а во структурата на оценување не учествува процент кој се доделува за присуство на час.

Структурата на оценување наставниците на соодветните предмети задолжително ја наведуваат во наставниот план (силабус).

По исклучок, наставникот може да организира и усмен испит, кој го спроведуваат двајца наставници.

### 3.6.4. Поправна сесија

**Член 17**

Ако редовниот студент не го положи испитот од некој предмет во редовниот термин, има право да го полага тој испит во поправна сесија што ќе биде определена од страна на Универзитетот.

Редовен студент има право на  полагање на предмет во поправна сесија без плаќање на трошоци.
Ако студентот не го положи задолжителниот предмет во поправната сесија, тој е должен повторно да го регистрира (запише) истиот предмет во еден од следните семестри, кога тој предмет ќе биде понуден за регистрирање, за што ги сноси соодветните трошоци предвидени со актите на Универзитетот.
Ако студентот не го положи изборниот предмет и во поправната сесија, а студиската програма дозволува регистрирање на друг предмет, студентот има право во следната академска година да регистрира ист или друг изборен предмет кога тој ќе биде понуден за регистрирање, за што студентот ги сноси соодветните трошоци предвидени со актите на Универзитетот.
При полагањето на испитот во поправна испитна сесија, се применува следната структура на оценување:

- Писмен и/или устен испит – 80%
- проект (кој се презентира усно) – 20%.

По исклучок на одредбите од став 4 на овој член, со одлуки на наставно-научните совети на Факултетот за архитектура и дизајн, Факултетот за компјутерска техника и информатика и на Факултетот за странски јазици потврдени од Универзитетски Сенат, можат да  се определат и други критериуми и релативни вредности на одделните делови кои ја сочинуваат конечната оценка од испитот што студентите го полагаат во поправната сесија.
На Факултетот за архитектура и дизајн во поправна сесија можат да пријават испит и да полагаат  само студенти кои ги извршиле обврските кои се услов за полагање на испитот и кои се дефинирани во силабусот на предметот. На Факултетот за архитектура и дизајн во поправната испитна сесија се применува  истата структура на оценување  како и во редовната сесија.

### 3.6.5. Повторна регистрација на предмет

**Член 18**

Ако студентот,  не го положил предметот во редовната  и во поправната испитна сесија, тогаш тој ќе мора да го слуша предметот повторно во семестарот кога тој предмет ќе биде понуден и да ги плати дополнителните трошоци кои произлегуваат од повторната регистрација на предметот.

### 3.6.6. Преполагање на испит за повисока оценка

**Член 19**

За добивање повисока оценка студент може да преполага испит по одреден предмет, за што ги плаќа трошоците утврдени со акт на универзитетот.
Доколку студент еден ист предмет го преполага 2 (два) или повеќе пати, тогаш секое следно преполагање на тој предмет се смета за пререгистрација.
Испитите за предмети кои се регистрирани во есенски семестар може да се пријават и да се преполагаат за повисока оценка во поправната испитна сесија за соодветниот есенски семестар.

Испитите за предмети кои се регистрирани во пролетниот семестар може да се пријават и да се преполагаат за повисока оценка во поправната испитна сесија за соодветниот пролетен семестар.
Ако студент не пријавил полагање испит во поправните сесии од ставовите 2 и 3 на овој член, може да го преполагаат испитот по соодветниот предмет кога тој ќе биде понуден во следните испитни сесии.

**Член 20**

Студентот на посебен формулар го поништува претходно положениот испит и го пријавува полагањето на тој испит за добивање повисока оценка во службата за студентски прашања.
Оценката која студентот ја добил на преполагањето на испитот по одреден предмет е конечна оценка која се запишува во неговиот транскипт на оцени.
Структурата на оценување за преполагање на испит за повисока оценка е 80% од испит и 20% од проект.

### 3.6.7. Приговор во врска со оценка од проверката на знаењето

**Член 21**

Ако студентот не е задоволен од завршното оценување, односно од оценката од проверката на знаењето, може најдоцна во рок од четириест и осум (48) часа од дознавањето на оценката, да поднесе приговор до деканот на факултетот на кој што тој студира.
Приговорот од став 1 на овој член, деканот на факултетот го разгледува и одлучува по него најдоцна во рок од два работни дена по неговиот прием.
Ако деканот утврди дека се исполнети условите од став 1 на овој член, тој/таа во рокот од став 2 на овој член ќе формира трочлена комисија од наставници од исто или од сродно наставно-научно поле, пред која студентот што поднел приговор ќе го полага испитот по конкретниот предмет.
Доколку Деканот не формира комисија во рокот од став 2 на овој член, студентот има право на жалба до Универзитетскиот сенат како второстепен орган, во рок од 7 (седум) дена од истекот на рокот во став 2 од овој член.
Ако Универзитетскиот сенат утврди дека се исполнети условите од став 1 на овој член, тој/таа во рок од два дена од добивањето на приговорот ќе формира трочлена комисија од наставници од исто или од сродно наставно-научно поле, пред која студентот што поднел приговор ќе го полага испитот по конкретниот предмет.
Решението на Универзитетскиот сенат е конечно.

### 3.7. Настава за вонредни студенти, органзирање на испити и структура на оценки

**Член 22**

Универзитетот организира настава за вонредни студенти. Наставата вклучува класична настава во предавална, менторски начин на предавање, семинари и/или далечинска настава. Наставата за еден предмет се организира во траење од најмалку осум (8) часови

во период што ќе го определи предметниот наставник, доколку има група од најмалку пет (5) студенти, а во спротивно се организира менторска настава.

Универзитетот организира испитни сесии за вонредни студенти по однапред утврден распоред.

Вонреден студент има право два пати да полага еден ист предмет, без дополнителни трошоци. Доколку студент не положи одреден испит и по втор пат, за полагање на ист предмет по трет пат, тој ги сноси трошоците за полагање утврдени со актите на Универзитетот. Доколку студент не положи и по трет пат, тој е должен повторно да го регистрира (запише) истиот предмет во следниот семестар, при што ги сноси трошоците за запишување и полагање на предметот.

Индикативната структура на завршна оценка на испит на вонредни студенти се пропишува со силабусот за соодветниот предмет, но вообичаено содржи:

- писмен и/или устен испит - 65% - 80%
- проект (кој се презентира усно) – 15%-20%
- присуство на час – 10%
- активност на час – 10%

## 4. Оценување

### 4.1. Начин на оценување

**Член 23**

Оценувањето на испитите се изразува со оценки во вид на букви од азбуката на латиница и тоа: A, B, C, D, F, согласно следната табела:

| Percent % | Letter Grade | | New Macedonian Equiv Grade | | | GPA | Credits | Quality Points | Total Quality Pts |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 96-100 | A | | Одлично | | | 4,00 | 6-8 | (6/8)*4.0 | 24/32 |
| 90-95 | A | - | Одлично | 93-100 | **10** | 3,67 | 6-8 | (6/8)*3.67 | 22/29.3 |
| 87-89 | B | + | Многу Добро | | | 3,33 | 6-8 | (6/8)*3.33 | 20/26.6 |
| 83-86 | B | | Многу Добро | 85-92 | **9** | 3,00 | 6-8 | (6/8)*3.0 | 18/24 |
| 80-82 | B | - | Добро | | | 2,67 | 6-8 | (6/8)*2.67 | 16/21.3 |
| 77-79 | C | + | Добро | 77-84 | **8** | 2,33 | 6-8 | (6/8)*2.33 | 14/18.6 |
| 73-76 | C | | Доволно | | | 2,00 | 6-8 | (6/8)*2.0 | 12/16 |
| 70-72 | C | - | Доволно | 69-76 | **7** | 1,67 | 6-8 | (6/8)*1.67 | 10/13.3 |
| 67-69 | D | + | Положено | | | 1,33 | 6-8 | (6/8)*1.33 | 8/10.6 |
| 63-66 | D | | Положено | | | 1,00 | 6-8 | (6/8)*1.0 | 6/8 |
| 60-62 | D | - | Положено | 60-68 | **6** | 0,67 | 6-8 | (6/8)*0.67 | 4/5.3 |
| | | | | | | | | | |
| 0-60 | F | | Недоволно | 0-59 | 5 | 0,00 | 6-8 | (6/8)*0.00 | 0/0 |

Конкретната структура на оценување за секој испит ја дава професорот во планот на курсот, кој се доставува на почетокот на наставата за секој предмет.
Студентот положува испит ако освои најмалку 60% од вкупниот број поени за испитот. За да ги заврши студиите, студентот мора да има просек на положени испити 1,67 (Ц-), во спротивно, тој мора да преполага соодветни предмети за да може да го комплетира студирањето.

## 5. Посебен режим

### Член 24

Студент кој има резултати пониски од минимум пропишаните (минимална просечна оценка 1.67), може да биде ставен под посебен режим на следење од страна на Универзитетот.
Студентот може да биде ставен под посебен режим за период од најмногу два (2) семестри, во кој период ќе биде континуирано следен, со цел да се утврди подобрување на неговиот академски успех.
Доколку и во тој период не покаже подобри резултати, студентот може да биде исклучен од Универзитетот, при што ги сноси сите финансиски обврски за дотогашното студирање.
Посебниот режим го спроведува референтот за посебен режим кој со решение го определува Ректорот. Тој референт ги следи сите активности поврзани со овој режим.

## 6. Стекнување на диплома

### Член 25

Студентот се стекнува со диплома со остварени:

- потребен број кредити пропишани со студиската програма, и
- минимална просечна оценка Ц- (ГПА 1,67) – за прв циклус студии, за положени предмети во соодветната студиска програма

Доколку не е исполнет условот од став 1 алинеа 2 на овој член, студентот ќе мора дополнително да запише и полага соодветен број на предмети, с'е до стекнување на минималната просечна оценка. Трошоците за дополнително запишани и полагани предмети ги сноси студентот.
Студентот од став 2 на овој член може да полага предмети/и во сесиите во кои соодветниот предмет е понуден за вонредните студенти.

## 7. Задолжителна практика

### Член 26

Студентот задолжително посетува практична настава, на начин кој е утврден во студиската програма, на која студентот студира.
Без исполнување на условот за посетување на практична настава во текот на студиите, студентот не може да дипломира.

## 8. Приговори

**Член 27**

На Универзитетот се поднесуваат приговори во врска со:

- општите услови на студирање на Универзитетот
- однесувањето на административниот кадар;
- однесувањето на академскиот кадар и
- однесувањето на други студенти.

## 8.1. Приговор од (вербален) неформален карактер

**Член 28**

Студентите можат да поднесуваат приговори во врска со оценките од проверките на знаењето, однесувањето на академскиот кадар на Универзитетот, однесувањето на административниот кадар на Универзитетот и во врска со општите услови на студирање на соодветниот факултет.

Приговорот на студентот може да биде од неформален и од формален карактер.

Приговорот може да биде поднесен во пишана или во електронска форма, поднесен анонимно или со име и презиме на студентот, во определен простор наменет за тоа во просториите на Универзитетот или преку електронска пошта на адреса: grievance@uacs.edu.mk.

Ако студентот се соочува со проблем од кој било вид од член 26 на овој Правилник што му претставува пречка во неговото студирање, тој има право да поднесе усен (неформален) приговор до службата за студентски прашања на Универзитетот.

Во случај од став 4 на овој член, студентот ќе се обиде да го реши проблемот со кој се соочува преку непосреден разговор со службата за студентски прашања на Универзитетот и во духот на академска и пријателска атмосфера.

## 8.2. Приговор од формален карактер

**Член 29**

Ако со неформалниот приговор не успее да го реши соодветниот проблем со кој се соочува, студентот има право да поднесе писмен (формален) приговор до референтор за поплаки и жалби определен од Сенатот на Универзитетот, деканот на соодветниот факултет на кој што студентот студира или  до Комисијата за приговори што дејствува во рамките на Универзитетот.

Деканот на соодветниот факултет и/или Комисијатаго разгледуваат примениот приговор и, во зависност од неговиот карактер, одлучуваат согласно одредбите на соодветниот Правилник.

## 9. Дисциплински мерки

**Член 30**

Студентот е должен да се запознае и да се придржува кон Кодексот на етика и другите акти на Универзитетот.

Непридржување кон актите од став 1 на овој член може да претставува основа за водење на дисциплинска постапка и превземање на дисциплински мерки против студентот.

Фалсификување и манипулирање со официјални документи на Универзитетот повлекува исклучување на студентот од Универзитетот.

За кршење на правилата за ред и дисциплина, непридржување на студентот кон правилата на Универзитетот, како и за евентуално водење на дисциплинска постапка против него, без одлагање, ќе бидат известени родителите или старателите на студентот.

Дисциплинските мерки кои можат да му бидат изречени на студентот се уредуваат со посебен акт на Универзитетот.

**Член 31**

За надзор над дисциплината и почитување на Етички кодекс, Универзитетскиот сенат формира Комисија за почитување на дисциплината и етичкото однесување .

Комисијата од став 1 на овој член работи на седници.

Комисијата се состанува најмалку еднаш во семестар и го разгледува севкупното почитување на Етичкиот кодекс, како и општото ниво на дисциплина на Универзитетот.

Комисијата може со посебна одлука да делегира дел од своите овластувања на Деканот на факултетот на кој студентот студира.

Дисциплинските мерки кои можат да се изречат од Деканот на факултетот се:

- Усна опомена
- Отсранување од час
- Намалување на поените врз основа на присуство и активност на час
- Одземање на тест и отстранување од испит
- Непризнавање на материјали за кои се смета дека се плагијат или во кои се појавува плагијаризам.

За дисциплинските мерки:

- Времено исклучување на студентот
- Условно исклучување на студентот и
- Исклучување на студентот од Универзитетот, одлуката ја донесува исклучително Комисијата од став1 на овој член.

Студентот има право на приговор против која било дисциплинска мерка, до Сенатот на Универзитетот.

## 10. Обврски на Универзитетот

**Член 32**

Во текот на студирањето за секој студент се води досие во кое се содржани:

- пријава за студирање
- општи податоци за студентот

- договор за студирање
- називот на избрана студиска програма
- регистрирани предмети, по семестар
- број и назив на положени предмети
- добиени оцени, односно број на освоени кредити по предмети,
- времетраење на студирањето.

Доколку студентот преминал од друга образовна институција, во неговото досие, покрај наведените документи, се обезбедуваат и податоци за установата од која што тој доаѓа.

**Член 33**

Доколку студент бара заверка на добиените кредити заради трансфер на друга институција, Универзитетот ќе издаде потврда (заверка) на кредити во рок од 7 работни дена од поднесеното барање.

На име трошоци за издавање на потврда (заверка) на кредити, студентот е должен да плати надоместок утврден во актите на Универзитетот.

**Член 34**

Податоците од досието на студентот се заштитени согласно законот, статутот и другите акти на Универзитетот.

## III ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 35**

За се друго што не е регулирано со овој Правилник, важат одредбите на Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот.

**Член 36**

Овој правилник влегува во сила на денот на неговото донесување.

**Член 37**

Со влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за единствени правила за студирање на прв циклус студии на Универзитетот Американ Колеџ Скопје со арх. бр.09-1362/3 од 25.9.2023 година.

**Универзитетски сенат**
**вон. проф. д-р Кате Трајкова, претседател**

Кате Трајкова

Digitally signed by Кате Трајкова
Date: 2024.04.23 10:46:40 GMT